РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2444/5
03-09-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител на продолжението на 51-вата седница одржано на ден 01.09.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2444/1 од 13.07.2020 година, оформен по пријава со број 12-2444/1 од 13.07.2020 година доставена од непознат подносител **СЕ ЗАПИРА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за понатамошно постапување по предметот со број 12-2444/1 од 13.07.2020 година согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот број 12-2444/1 од 13.07.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страната на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2444/1 од 13.07.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава со број 12-2444/1 од 13.07.2020 година од непознат подносител – вработени во ///.

Во пријавата се изнесени наводи за злоупотреба на правата од работниот однос од страна на две лица вработени во /// - ///, вработена на позицијата /// во Секторот ///, и ///, вработен на позицијата /// во Секторот ///. Според наводите од пријавата, двете лица спаѓале во категоријата на лица кои се ослободени од работа и работни активности согласно мерките за заштита и спречување на ширење на вирусот Ковид-19. Според изнесеното, додека биле ослободени од нивните работни обврски во ///, лицата учествувале во снимање на спотови за потребите на предизборна кампања на политичката партија /// во време на предизборниот процес за предвремените избори за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по предметните наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата постапи во рамки на своите законски надлежности согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и се обрати до директорот на ///, со барање за вршење на проверка на наводите од пријавата и за соодветно постапување во рамки на надлежностите и овластувањата согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор. Воедно, ДКСК побара да ѝ биде доставена целосна информација со произнесување и со приложени акти за утврдените состојби и за преземените мерки за утврдување на евентуална дисциплинска одговорност на лицата.

Како одговор на барањето на ДКСК, од страна на /// во законски рок е доставен допис со кој /// ја информира ДКСК дека се формирани комисии за водење на дисциплински постапки

кои имаат задачи да ги испитаат сите факти и да приберат докази кои се од влијание за правилно утврдување дали вработените /// и /// се дисциплински одговорни за дисциплинска неуредност или дисциплински престап согласно закон/ закон или колективен договор. Воедно, со истиот допис /// ја информираше ДКСК дека дисциплинските постапки, согласно закон, се ставени во мирување до изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Влада на Република Северна Македонија. Во прилог на дописот беа доставени копии од решенијата за формирање на комисии за водење на дисциплински постапки, копии од решенијата за мирување на постапките, копии од изјавите од вработените поврзани со користењето на мерките и копии од решенијата за одобрување на платено отсуство.

Во врска со барањето доставено од ДКСК, /// дополнително достави известување дека по спроведени дисциплински постапки од страна на директорот на /// се донесени соодветни акти за изрекување на дисциплински мерки поради сторен дисциплински престап. По конечниот акт за изрекување на дисциплинска мерка на лицето /// било постапено од страна на Одделението ///. Против донесениот акт со којшто е изречена дисциплинска мерка лицето /// поднело жалба до соодветната комисија на Агенцијата за администрација којашто била уважена, при што решението било поништено и вратено на повторно разгледување на првостепениот орган, којшто по приемот утврдил дека настапила застареност за поведување на дисциплинска постапка и истата ја запрел со решение. Во прилог на известувањето /// достави и копии од посочените акти.

Имајќи предвид дека одговорното лице во /// постапило во рамки на своите законски надлежности по примената информација од Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата оцени дека нема основа за друго понатамошно постапување во конкретниот случај, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработено од: А.Р.М.
Одобрено од: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut